Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 153

Јули 2025 г.

цена 20 денари,

**Проф.д-р Трајче СТОЈАНОВ,
декан на Факултетот за образовни науки
при Универзитетот „Гоце Делчев“**

## Во ФОН следат суштински промени



Quehenberger logistics

AKTIVA

ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА

Авто сервис Рибата



## Штип има 5.895 станови повеќе од домаќинства



## Со 146 камери Штип ќе се штити од секаков вид на вандализам

***Александар АРСОВСКИ,
директор на ЈП „Исар“***

## Со Скада системот започнува ерата на радикални чекори за намалување на загубите на вода





## Плачковица – неискористен туритички потенцијал на планината која раскажува преубава приказна

## Нашата изборна Октомвриска револуција

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

Иван Бојаџиски



# Нашата изборна Октомвриска револуција

***Дали Симон Гаџи Поликарп-Џими уште еднаш ќе биде учесник во трката за градоначалник на Штип или само еден од над 40.000 гласачи?***

Одлуката на Државната изборна комисија според која со само два потписи може да се стане релевантен кандидат за градоначалник, или на избирачкото тело да му се понуди советничка листа, а таа да не мора евидентно да е партиска, во некоја рака ја шокира јавноста. Политичките партии се подготвуваа(т) за стариот изборен модел, а новата состојба доведе до ситуација поголем број поединци и групи кои од порано се двоумеа дали и како да се доберат до кандидатурата за татко на градот или за советничка граѓанска групација, преку ноќ да се израдуваат на дадената можност. Поради тоа низ градот започна да циркулира приказната за можноста Штип на окомвриските избори да има вистински спектакал со мал милион кандидати за градоначалник и два милиони аспиранти за советници.

Одамна е речено дека политиката е терен на кој луѓето најмалку можат и знаат рационално да размислуваат. Па и поради тоа поединици, ако имаат само десеттина пријатели или роднини кои по цел ден има ласкаат дека се „родени за политичари, за градоначалници посебно“, без процент на самокритичност се решаваат да тргнат во изборот за прв граѓанин на градот и на општината во која живеат. Тие во оваа авантура влегуваат без да употребат макар и грам критичко себепреиспитување. Иста е состојбата и околу борбата за советничката позиција. Ако до сега советниците беа истакнати партиски борци од кои барем 95 проценти ниту еднаш во својот четиригодишен мандат не се јавиле со добар предлог за напредокот на градот, сега се отвора можноста за независни советнички листи што може да значи сешто. Од нов квалитет до целосен дебакал во водењето на политиката на нашата локална заедница..

Ова и поради фактот дека низ градските кулоари се позасилени се муабетите дека бројот на кандидати за градоначалник, по најновата одлука на Државната изборна комисија и бројот на советничките листи, по најновата одлука на Државната изборна комисија ќе биде енормно голем. Се споменуваат и имиња на пасионирани учесници во локалните политички утакмици да се биде некој и нешто, да се има судбината на градот и неговите жители во свои раце, па дури и да се создаде терен за личен профит од можностите кои ги нуди високата функција.

Новата можност за масовност во изборната трка наместо за квалитет на учесниците, го стави на маса прашањето со која големина ќе бидат гласачките ливчиња и како гласачите најдобро да се снајдат во и со нивната содржина. Има мислења дека, посебно гласачките ливчиња за избор на советници ќе бидат со големина на страниците на кои е испишана огромното, капитално дело на рускиот знаменит писател Лав Толстој „Војна и мир“, објавено во 1869 година. Да спомена дека се работи за роман од 1.225 страници. Тоа е дело кое неделникот од светски формат, “Њусвик” во 2009 година го рангираше на врвот на својата список на Топ 100 книги. Ако сакам да иронизирам ќеречам дека нашата изборна советничка листа може да го надмине капиталното дело на Толстој.

Според мое мислење ние за период од три месеци ќе ја имаме нашата Октомври изборна револуција, а како сето тоа ќе помине, односно како полнолетниот народ ќе се снајде во тој галиматијас од бројност на изборни учесници, останува да се види.

✹ ✹ ✹

Во градот повеќемина мои пријатели, знаејќи со што професионално се бавам цели 63 години (новинарство) ме замолија, кога се во прашање локалните избори да видам дали на нив ќе учествува и Симон Поликарп-Џими. Интересот кај овие луѓе за „нашиот Џими“ произлегува од фактот дека тој, на едни скорашни избори, беше кандидат за градоначалник на Штип со што, на некој начин, ја шокираше нацијата.

„Моментално не сум со намера за нова кандидатура зашто немам логистика зад себе, а без логистика нема шанса на некаков успех. Сепак, оставам некој процент на можност штипската јавност да ме види меѓу кандидатите, зашто на таква можност инсистираат од партијата Интегра од која неколку пати ме повикуваа на состанок, но јас не се одзвав на поканата. Ако Интегра има логистика, ако има свое гласачко тело зад себе, тогаш можеби и ќе прифатам. Но, поголема е можноста да бидам само гласач, а не и учесник во оваа изборна утакмица, иако и самиот знам дека сум омилен меѓу нашите сограѓани. Сепак, конечната одлука по однос на вашето прашање ќе ја донесам на време“, ни рече Симон.

# Штип има 5.895 станови повеќе од домаќинства

Не е лошо да научиме нешто повеќе за нашиот Штип. Во овој текст донесуваме детали од животот на градот за кои сме убедени дека на поголем дел од вас не ви се баш познати, детали кои го отсликуваат новото лице и ја исцртуваат неговата нова физиономија, а би рекле и животна философија.

Последниот попис на населението, неговата старосна структура, станбените објекти, попис од 2021 година, покажува дека во општината имаме 2.930 жители помалку од пред 19 години, односно од пописот во 2002 година. Тоа е намалување на бројот на жители за 6,1 процент.

Одамна е речено дека човек без стан е човек без психологија. Макар што и да значи тоа. Но, што е човек, семејство со повеќе од еден стан? Ова е важно прашање и за нашиот Штип, град во кој има 16.695 семејства а, наспроти оваа бројка стои бројката од 22.590 станови кои со пописот се регистрирани во градот.

Тоа значи дека во градот има повеќе 5.895 станови од семејства. И тоа е состојба од 2021 година, а бројката на новизградени станови во четирите години потоа е поголема зашто експанзијата на нивната изградба е како никогаш до сега.

Нужно, тоа не мора да значи дека тие станови се купени од жители на Штип бидејќи многу семејства од блиските општини, посебно оние кои добро профитираат од земјоделието (како оризот на пример) дел од добивката ја инвестираат во купување станови во Штип, иако нема институција која реално ги мери овие параметри па состојбата останува непозначаница. Но, исто така, може слободно са се тврди дека не е мал и бројот на штипјани кои имаат купено или купуваат станови главно во Скопје и во северниот дел од Грција, на Егејското или Јонското море кои потоа ги стават во туристичка понуда користејки ги за своите економски интереси.

Прашањето над сите прашања е зошто ситуацијата ни е таква? Зошто имаме вакви диспропорции на релација семејства-станови токму во време и услови кога на дневна основа се жалиме на нашата сиромаштија, на неможноста, главно младите, да си го решат станбеното прашање и да се одвојат од родителите со кои, некои наши млади, живеат и до својата 40 година од животот?

Пописот од 2021 година ни кажува дека оваа состојба на зголемен број на станови кои стојат празни се случува во години кога Штип доживува намалување на бројот на жители во однос на претходниот попис од 2002 година за 2.930 лица, или за 6,1 процент (44.866 во 2002 година – 47.796 во 2021 година).

„По два и повеќе станови купуваат оние кои имаат вишок на пари, но и семејства кои земаат кредити за да ги вложат во купување нов стан зашто ин-



вестицијата во недвижности е најисплатлива и е најсигурен влог за некои идни времиња. Ако за само четири години цената на становите за метар квадратен пораснала до 80 проценти, која банка дава толкава камата ако парите место во стан или друга недвижност се вложат како штеден влог? Сметам дека становите ќе се бараат и понатаму бидејќи интензитетот на изградбата ќе се намали зашто градежните компании се соочуваат со сериозен недостиг од работна сила. Треба да се има на ум и тоа дека денешниот, современ купувач бара современ стан, а за многу фази од изградбата нема доволно квалификувана работна сила и тоа може да ја успори изградбата“, вели Владо Бутлев, дипл.градежен инженер.

***Општина Штип има 16.695 семејства, а наспроти тоа во општината се регистирани 22.590 или 5.895 стана повеќе и тоа во време кога бројот на жители од пописот во 2002 година до денес е намален за 2.930 лица или за 6,1 проценти .***

Кога е во прашање Штип и нашата општина, интересен е фактот и за старосната структура на населението од која анализа може да се види дали градот и општината ни стареат или...

Во нашата општина најголем дел од жителите, 65,88 проценти, или 29.557 лица се во рамките на старосната граница од 15 до 64 години. Над 65 години се 17,17 проценти или 7.703 лица, а од нула до 14 години (најмладите) се 16,95 проценти или 7.604 жители.

*Александар АРСОВСКИ, директор на ЈП „Исар“*

# Со Скада системот започнува ерата на радикални чекори за намалување на загубите на вода

**Пред една година м-р Александар Арсовски го преземе директорското место во ЈП „Исар“. Веднаш по превземањето на функцијата, во обраќање пред јавноста, Арсовски даде извесни ветувања од значење за градот и неговите жители. Интервјуто е на тема „Ветено-сторено“.**



*м-р Александар Арсовски*

Месецов се наврши период од една година кога кормилото на ЈП „Исар“ му беше доделено на Александар Арсовски, м-р по економски науки. Година дена подоцна со Арсовски разговараме на тема “Ветено-остварено“ во изминатите 365 дена.




**Г-дин Арсовски, првото Ваше ветување беше дека ќе го ребрендирате најважното јавно претпријатие во општината. Притоа, некои помислија дека под поимот „ребрендирање“ мислите на логото. Прашањето ни е на какво, всушност ребрендирање мислевте со таа Ваша изјава и како помина/поминува тој процес?**

-Точна ви е констатација за ветување во насока на ребрендирање на претпријатието, но притоа не мислев на ребрендирање на логото туку на целокупното работе на ЈП „Исар“ и тоа преку секојдневните теренски и административни работни активности за да се смени перцепцијата на нашите сограѓани кон истото. Од оваа перспектива констатирам дека сме успеале во тоа, бидејќи најголем показател за тоа е беспрекорното функционирање на новоотворениот **кол центар** кој е и валиден доказ дека нашите корисници се третирани соодветно (уште при нивниот прв контакт со нашите оператори) и на ниво на кое што треба да функционира едно јавно претпријатие кое што е сервис на граѓаните.

**Едно од битните ветуваа беше и подобрување на водоснабдувањето на градот...Што градот има како остварување на едно така важно ветување?**

-Да, дадов и такво ветување за подобрување на водоснабдувањето преку одржување на постојните но и изградба на нови линии и три резервоари за вода (Мерите, Пребег и Каваклија) со што **трајно** ќе се реши проблемот со водоснабдување но и слабиот притисок во високите зони од градот. Резервоарите Пребег и Мерите се во завршна фаза и истите ќе бидат долгорочно решение за стабилно водоснабнување.

**Пред една година, во обраќање до јавноста кога го превземавте раководењето со ЈП „Исар“ бевте децидни дека мора да има инвестиции во набавка на нова, современа механизација без што нема квалитетен успех во работењето. Како денес стоиме по ова прашање?**

Точно е и тоа дека имавме и ветување во насока на обновата на старата, дотраена механизација. Сакам овде и тука да ја искористам шансата која ми ја давате преку Штипски Глас да ја запознаам штипската јавност, односно да дадам еден вид отчет за моето едногодишно раководење со претпријатието во однос на ова прашање зашто за мене новата механизација значи рационализација на трудот, а со самото тоа ќе се генерираат приходи по основ на заштеди.

Посебно сум горд што во релативно краток временски период успеавме заедно со Општина штип и

градоначалникот Иван Јорданов да обезбедиме средства за набавка на вакви специјализирани и наменски возила, а со тоа се подобрија и услугите што ги нудиме и испорачуваме кон нашите сограѓани. Бележиме и тренд на опаѓање на потрошените средства по основ на резервни делови кои беа нужна потреба да функционираат старите и амортизирани возила. Но времињата се менуваат, се менуваат и приоритетите, а наш приоритет се задоволни сограѓани. Токму поради тоа сите инвестиции се насочени директно кон подобрување на услугите што ги добиваат.



Во периодот што измина (за овие 12 месеци) набавивме 7 специјализирани возила:

-Специјализирано возило за одржување на фекална канализација (каналџет)

-Специјализирано возило за метење и одржување на улиците и булеварите (метларка)

-Специјализирано возило за миење на улиците и достава на техничка вода (цистерна со капцитет од 9000 л)

-Специјализирано возило за собирање на смет (Смеќар) со капицитет од 16 м3

-Специјализирано возило за собирање на смет (Смеќар) со капицитет до 23 м3

-Специјализирано возило булдожер гусеничар за одржување и уредување на градската депонија

-Специјализирано мултифункционално возило Аванти со три приклучоци кое заменува три поединечни возила и тоа: приклучна корпа за ринење, рамнење и утовар; хидраулична рака која работи под агол и може да кастри гранки и коси трева на ширина до 1.5 метри од самото возило и на висина од 2 метра; и мала и голема корпа за копање на ровови која е уште како добредојдена во РЕ Водовод и канализација. Одобрена е проектна апликација и во соработка со директорот на ИПР Трајче Здравков во тек е постапка за избор на најповолен понудувач и ЈП „Исар" за неколку месеци ќе добие уште едно ново мултифункционално возило за миење, метење и чистење на улиците и булеварите.

**Важни за Вашата дејност се и Градските гробишта како и бањата Кежовица. Како годинава течеа активностите на овие делови од градот за кои Вие сте најодговорната личност?**

-Редовното одржување на Градските гробишта и подобрување на условите во Бања Ќежовица, а мој став едека тоа ветување делумно го исполнивме, иако освен извршената реконструкција на внатрешниот дел на бањата следува и целосна реконструкција на сместувачките капацитети во периодот што следува. Проектот е одобрен а финансиските средства се обезбедени. Во делот на градските гробишта и решавање на долгогодишниот проблем со намалениот притисок на вода, изготвено е техничко решение, а неговото решавање е врвен приоритет заклучно со оваа календарска година.

***Во периодот што измина се реконструираа и поставија нови водоводни и канализациони линии на повеќе улици кои имаа нарушено водоснабдување и одведување на фекалните води, а се заменети нови 280 водомери со далечинско отчитување. Нови водоводни линии и приклучоци добија жителите на повеќе улици.***

**Да поминеме на теренот на финансиите. Познат е фактот дека имате доста заостанати обврски по разни основи. Како се решава овој проблем?**

Така е, и ова беше исто така едно од моите ветувања. Тука е ветувањето за редовно подмирување на наследени и заостанати обврски кон добавувачите и заостанати обврски по однос на кредити, тужби, оп-



ремнини и извршни решенија. Сите овие обврски тековно и навремено се сервисираат и не се остава можност за да се створат дополнителни трошоци по однос на кама на мрежата...ти.

**Пат, вода, струја е тријадата која едно населено место мора да ги има за да може урбано да се уредува и да им биде во служба на граѓаните. Водата е во Ваша надлежност, ветивте реконструкции...**

-Во периодот што измина се реконструираа и поставија нови водоводни и канализациони линии на повеќе улици кои имаа нарушено водоснабдување и одведување на фекалните води, а се заменети нови 280 водомери со далечинско отчитување. Нови водоводни линии и приклучоци добија жителите на улиците:

Пиринска, Цвета Јованова, Првомајска, Воденска, Иво лола Рибар, Анте Банина, 15ти Корпус...Нова канализациона линија добија жителите на улиците: Благој Мучето, дел од Еврејска, Скопска, Цвета Јованова, Воденска, Сане Ѓоргиев, 4-ти Јули...

**Сега доаѓаме до едно од најважните прашања, а тоа е прашањето за големите загуби на водата за пиење. Вие ветивте дека полека ќе го решавате тој горлив проблем. Има ли резултати на тоа поле?**

-Иако тоа не беше ветено на примопредавањето на функцијата само неколку дена потоа се зафатив со запознавање но и со решавање на единствениот нотиран децениски проблем, а тоа е енормно високите процети на загуба на вода (62 %). Најавив и ветив дека мора да има решение и дека е штета истото да не се реализира, а загубите на вода да продолжат да ја отежнуваат работата на претпријатието, а народните пари да „течат“ и понираат некаде под земја. Што направив во оваа насока? Со задоволство можам да констатирам дека договорот за финансирање на проектот за (SCADA) систем за мониторинг, контрола и управување на водоводниот систем е потпишан и од тука почнува ерата за превземање на радикални чекори за намалување на загубите на вода помогнати од најсовремена технологија наменета за тоа. Систем








којшто беспрекорно функционира онаму каде што е инсталиран. Со потпишувањето на договорот се обезбедени и финансиски средства во износ од скоро 36.000.000 денари.

На крајот ќе кажам дека нашите сограѓани заслужуваат сите средства што ги уплаќаат за услугите што ги добиваат да им се враќаат со повеќератно подобрување на услугите, а не со нивните пари како до сега да се плаќа вода која што никој од нив не ја користи туку се губи некаде низ системот!

Продолжуваме со истата динамика и интензитет и во наредниот период, да се грижиме, инвестираме и го одржуваме водоводниот и канализациониот систем, парковите и зеленилото, јавната чистота и комуналните услуги.

***Во изминатите дванаесет 12 месеци набавени се 7 специјализирани возила со кои се подобрува состојбата во одржувањето на фекална канализација, во метењето и одржување на улиците и булеварите, набавено е возило за миење на улиците и достава на техничка вода, возила за собирање на смет...***



# Со 146 камери Штип ќе се штити од секаков вид на вандализам

Пред ООУ В.Прќе со години стои споменикот на првоборецот Васил Доганџиски, а на споменикот, повеќе години ја нема неговата глава. И кога претставници на Општината, на политичките парти, на исинституции полагаат свежо цвеќе пред бистата постојано се разговара за тоа кој тоа и зошто му го стори на првоборецот Доганџиски. На вандалите кои никогаш не се откриени не им била никаква грижа за фактот дека Доганџиски го дал својот живот за нивната слобода на само 30 годишна возраст.

Во повеќе населби се крши урбана опрема, се унакажуваат игралишта за деца, Споменикот на револуцијата на средновековната тврдина Исар, монументално дело на Богдан Богдановиќ, еден од најпознатите скулптори во Европа, постојано се унакажува со разноразни шари, а околу него куп шприцеви, презервативи, лименки, стакло...Овој споменик беше граден пет години, а пред очите на јавноста е претставен во 1974 година. На него се поставени 92 помали мермерни кенотафи на кои се изгравирани имињата на паднати борци при НОБ.




***Бистата на Васил Доганџиски десеттина години стои обезглавена***

Најчесто сторителите на секаков вид насилство (вандализам) над градот тешко се откриваат зашто тие своите недела ги прават под закрила на ноќта. И поради тоа, Советот на Општина Штип, на предлог на градоначалникот Иван Јорданов, донесе одлука за отворање компјутерски центар за надзор 24/7 на сите важни места во градот за полесно да се откриваат вандалите кои прават големи штети, а кои подоцна се санираат со парите на сите граѓани на Штип.

Компјутерскиот центар ќе врши денононоќен надзор над состојбата на јавниот простор во градот преку 146 камери кои ќе бидат поставени на вкупно 54 локации. Се смета дека ова е единствениот начин да се застане на патот на оние кои имаат рушителен нагон и на кои ништо во Штип не им е свето.

За нормално функционирање на Компјутерскиот центар од буџетот ќе бидат издвоени десет милиони денари.

Образлагајќи ја оваа инвестиција Вишна Шорова Ангелова, секретар на Општина Штип, рече дека се планира Центарот да биде сместен во една од општинските простории.

„Од Центарот преку камерите низ градот ќе се следи состојбата во нашиот градски јавен простор. Штип ќе има комплетен видео надзор на целиот град и неговите стратешки објекти. Тоа значи дека ќе има камери кај градинки, училишта, пешачките патеки, парковите, шеталиштата, новата пешачка патека во центарот на градот и видео надзор на сите патни влезови во градот и повеќе други локации. Убедени сме дека ова е најдоброто решени да го сочуваме имотот кој им припаѓа на сите граѓани на Штип“, рече секретарот на Општина Штип, Вишна Шорова-Ангелова.

Таа уште информира дека десет од вкупниот број камери ќе бидат со поголем опсег и ќе бидат поставени на најзначајните локации во градот каде се случуваа чести вандализми на објекти кои се од посебно значење и од посебен интерес за Штип, неговата бурна историја, сегашноста но и иднината.

***Компјутерскиот центар ќе биде лоциран во зградата на општината, тој ќе врши денононоќен надзор над состојбата на јавниот простор во градот преку 146 камери кои ќе бидат поставени на вкупно 54 локации. Се смета дека ова е единствениот начин да се застане на патот на оние кои имаат рушителен нагон и на кои ништо во Штип не им е свето.***

**Разговор со проф.д-р Трајче СТОЈАНОВ, декан на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“**

# Темелните проекти кои ги најавив суштински ќе го променат ФОН и ќе го обезбедат неговиот развој во иднина



*Деканот Трајче Стојанов*

***Иако понекогаш знаеме погрешно да ги перцепираме и Факултетот и Универзитетот како локални или регионални институции, во ера на глобализиран свет, такви високообразовни институции не постојат, вели проф.д-р Трајче Стојанов, декан на Факултетот за образовни науки и додава:***

Сите се натпреваруваме на глобален пазар. И таму го гледам Факултетот за образовни науки. Тоа е мојата визија за оваа институција. ФОН треба да биде современа, иновативна и општествено одговорна високообразовна институција, интегрирана во единствениот европскиот академски простор и глобалните образовни текови. Во таа смила, факултетот мора да биде отворена, компетитивна и транспарентна институција, која ќе биде подготвена за силната, не само домашна, туку и меѓународна конкуренција.

Првиот човек на овој факултет вели дека дополнително, ние сме во ера на четврта индустриска револуција! А во таква ера, ера на дигитализација, интернет на нештата (IoT), вештачка интелигенција, биотехнологија, напредна анализа на податоци (Big Data), квантни компјутери, силен развој на невролошките науки, роботика, нано-технологии... образованието и образовните институции се под огромен притисок, не само кај нас, туку и во светот. Овој напредок на технологијата од корен го менува образованието и образовниот процес во самата негова срж. Тие предизвици нас нема да нè одминат. Мора да ги пресретнеме денес, за да немаме проблем утре. Имајќи го ова на ум, сметам дека таа визија може да биде остварлива само низ следниве, три најважни аспекти на работата на една високо-образовна институција од ваков карактер: 1.Извонредност во наставно-научната и апликативна дејност, 2. Фокус на студентите и 3. Интензивирање на академската и соработката со пошироката заедница.

**„Ова се трите стретешки приоритети на кои се темели мојата визија за ФОН“, посочува деканот Стојанов“ и додава:**

-Во својата Програма, која ја предложив до Наставно научниот совет, при мојата кандидатура за декан најавив неколку, според мене, темелни проекти, кои доколку ги оствариме во целост, не само што суштински ќе го трансформираат ФОН, туку и ќе го обезбедат неговиот развој во иднината. Една од тие идеи е планираното акредитирање на **нова интернационална студиска програма на англиски јазик**, која има работен наслов: „**Образовни политики и образовен менаџмент**“, која треба да привлече странски студенти. Ова би било програма на прв циклус студии, со идеја откако ќе се изготви, акредитира и ќе ги запише првите странски студенти, да го обезбеди континуитетот со веќе постоечката програма со ист назив од вториот циклус, која пак од своја страна планирано е да се трансформира во заедничка додипломска програма (joint degree programme). Имено, преку *Применетата, Поврзана, Претприемничка и Ангажирана Европска* ***Универзитетска Алијанса (ACE2EU)***, е предвидено иницирање токму на една таква заедничка програма со партнерските универзитети вклучени во проектот“.

**Но, како и во секоја друга работа и овде нема успех, нема развој без доволно материјално-финансиски средства?**

-Тоа е точно. Иако реков дека заради организациската поставеност во рамките на УГД тешко е да се проектира развој кој бара материјални и финансиски средства, сепак постои простор да се работи и во таа

насока. Во таа смисла, ќе работам на подобрување на условите за работа на професорите и студентите, преку осовременување на инфраструктурата и средствата за работа, главно преку засилување на соработката со пошироката заедница. Затоа, поттикнување на соработката со домашните институции – јавни и приватни – исто така е од огромно значење, поради што ќе го ставам во приритетите на моето работење. Факултетот ќе потпише дополнителни меморандуми за соработка не само со јавни институции, туку и со приватни институции и ќе ја прошири својата соработка со сите кои имаат и најмала реалција со педагошката дејност (Дом на култура, Дом на млади, Библиотеки, Театар, Кино, Издавачки куќи, Младински центри, Национални установи, Музеи, Казнено-поправни институции, Социјални служби...). Исто така, иста таква соработка треба да се поттикне и одржува со граѓанскиот сектор: сите невладини организации, со кои веќе има потпишано меморандуми за соработка, истата ќе се конкретизира и суштински актуелизира, а со оние кои нема, ќе се иницира. Невладиниот сектор е еден од нашите најблиски соработници и таа соработка мора да ја продлабочуваме.



**Што станува со меѓународната соработка?**

-За мене лично од особено значење е и меѓународната соработка, затоа ќе работам напорно на зајакнување на таа компонента од работата на факултетот. Во однос на **меѓународната соработка**, секој од вработените ќе мора да вложи дополнителни напори и да ги искористи постоечките контакти или да иницира нови за заживување на меѓународната соработка, затоа што секој од нас во својата академска кариера, такви контакти веќе остварил и кога сите вработени би ги исползувале за раст на институцијата, би било за заеднички бенефит на сите. Јас лично веќе имав такво искуство со *Институтот за применета философија и етика* со кој раководев, а преку кој потпишав неколку меѓународни меморандуми за соработка. Истата практика ќе ја продолжам и како декан на институцијата. Само преку бројни меѓународни контакти, за што мора и лични и институционални заложби, можни се проектни соработки и создавање на силни партнерски мрежи за истражување, наука и апликации, вели деканот Стојанов**.**

**Пред еден месец сте избрани за декан на ФОН, па која е Вашата улога, односно улогата на секој декан во севкупноста на Универзитетот?**

Она кое јавноста треба да го знае е фактот дека деканот се бира на тајни и непосредни избори од сите членови на ННС (Наставно-научен совет), кој во нашиот случај брои 21 член. Се избира на секои три години, односно, според постојниот Закон за високо образование, мандатот на деканот е тригодишен. Задачата и улогата на деканот и според Законот и според Статутот е да раководи со институцијата и да се грижи за нејзиното законито работење. Но, покрај овие правноформални обврски, суштински деканот може во голема мера да придонесе за општата насока на развојот на институцијата и да го одреди „тонот“ и „интонацијата“ на истата, и покрај објективните и субјективните фактори на „ограничување“ на работата на раководните структури. Имено, Универзитетот и факултетите се специфични институции, односно тие ја имаат својата автономија, не само во однос кон „надвор“, туку и внатре самата организација, што ќе рече, сите членови на академската заедница се високо автономни единки, во својата наставна и особено истражувачка дејност, и имајќи го тоа на ум, деканот може да биде само поддршка во тие нивни автономни напори. И тоа е тој, „објективен лимитирачки“ фактор во работата на раководителот на ваква институција. Исто така, во нашиот случај постои и еден „субјективен“, односно специфичен за УГД „лимитирачки фактор“, а тоа е организа-

***Факултетот ќе потпише дополнителни меморандуми за соработка не само со јавни институции, туку и со приватни институции и ќе ја прошири својата соработка со сите кои имаат и најмала реалација со педагошката дејност (Центар на култура, Дом на млади, Библиотеки, Театар, Кино, Издавачки куќи, Младински центри, Национални установи, Музеи, Казнено-поправни институции, Социјални служби...).***

ционата поставеност на универзитетот. Имено, УГД е т.н. интегриран универзитет, во кој факултетите не се посебни правни лица и не располагаат со автономија во материјалното и финансиското работење.

Но, од друга страна, ова не е само ограничувачки фактор, напротив, во одредена смисла токму ова ја чини компаративната предност на УГД, пред останатите универзитети во Македонија, но и олеснувачката околност за посебните единици, односно факултети. На овој начин, факултетите и неговите раководни органи се „растоварени“ од тој товар на обезбедување материјални и финансиски услови за работа и можат слободно да се посветат на суштинските активности на факултетот, на организација на наставната, научната и апликативната дејност. И тука улогата на деканот и на деканатската управа може да биде огромна во таа смисла што споменав: да го даде тонот и интонацијата, насоката на идниот развој на институцијата. Многу од нештата во работата на секоја единица на универзитетот, зависат од заложбата, упорноста и истрајноста на деканот и деканстаката управа; се разбира, со апсолутна поддршка и исто толкаво залагање на сите останати професори.

# Штипскиот уметник, сликарот Боре Минов он лајн подучува деца и возрасни во Дубаи

Десеттина деца во Дубаи навлегуваат во тајните на сликарството изучувајќи ја тајната на убавата уметност од познатиот штипски и македонски уметник Боре Минов кој во центарот на Штип ја има престижната уметничка галерија Колорис АМ која е и најголемата училница за сликарство за деца во Источниот регион.

-Пред околу еден месец остварив соработка со Тренинг центар за поголем број науки, меѓу кои и за сликарство за напредни деца и возрасни во Дубаи. До соработката дојде преку наш Македонец кој живее таму, а го знае моето ателје и мојата посветеност кон децата и младите за навлегувањње во тајните на оваа уметност. По неколку разговори на кои ги договаравме деталите направивме договор со потпис од двете страни и работата тргна.



***Боре Минов***

Уметникот Минов во определено време од денот он лајн им предава на децата техники на сликање, и ги следи реакциите на неговите, во моментов десетмина ученици.

-Имаме основен курс за деца но и за возрасни како и напреден за двете возрасни групи, но за сега работиме само со децата. Во моето студио сме тројца, покрај мене е и специјалист по компјутерски техники, презентер на англиски јазик и јас како сликар и координатор. Имаме неделно часови во траење од 90 минути и за сега работата оди добро, децата низ забава учат да сликаат што мене ми беше најважна цел, посочува Боре Минов.

Тој има договор со Ace Gen,лиценциран центар за науки во Дубаи кој е во сопственост на Gerrul Gaid, која е и позната актерка во Боливуд.

-Сопстве ничката на  Ace Gen ме покани да го посетам нејзиниот Тренинг центар во Дубаи, да се видам со децата и да договориме соработка од поголем формат. Веројатно наскоро ќе имам средба со моите ученици на далечина, и со сопственичката ќе договориме нови форми на поширока соработка, вели Минов.







# Плачковица – неискористен туритички потенцијал на планината која раскажува преубава приказна



**Пишува:**
**Милорад Ангелов,**
**актер во Театар Штип**

Помеѓу шумите и височините на Источна Македонија, се издига Плачковица – тивка, а моќна планина, која со векови стои како сведок на природната убавина, историјата и душата на народот. Таа не е најпозната,ниту највисоката, но е една од највеличествените планини што се уште чекаат да бидат откриени. Плачковица не е само планина – таа е приказна. Приказна за природата, историјата, луѓето и иднината. Таа е доказ дека скромноста знае да биде величествена.

му еко и рекреативен туризам,активен туризам, каминг и outdoor активности планински велосипедизам и авантуристички спортови планинарење, off-road летни тури пешачки и велосипедски рути кон Плачковица и Вртешка, со добро теренско сечење и панорамски погледи.

Алпинизам и спортско качување, со веќе изградената вештачка карпа најголема во Македонија и регионот која е погодна за домашни меѓународни натпревари. Кањоните Камник и Козјак, секој со свој уникатен карактер и ниво на достапност се природна убавина. Црквата Света Петка која е  прекрасен украс на Плачковица. Освен кањони, во планината може да се истражуваат и  пештери меѓу кои Големата Пештера, со должина од околу 600 метри, а од другите пештери познати се Ќуп, Ајдучка, Туртел и Понор. Пештерите главно се лесно достапни и до нив водат обележани патеки. кој нудат внатрешна декорација (капки, сталактити), но бараат претпазливост при влез од поотворени во тесни простори.





***Јуручките деца со спктакуларните носии се вистинска атракција***

Плачковица се протега помеѓу градовите Штип, Радовиш и Виница, како природна граница меѓу Плачковичката и Виничката котлина. Нејзиниот највисок врв, Лисец (1.754 метри), нуди панорамски погледи кон целиот исток на Македонија, па дури и кон соседните планини во Бугарија. Туризмот на Плачковица има потенцијал да се развие на еден одржлив начин кој ќе ги заштити природните ресурси, а ќе донесе економски и духовен бенифит. Можностите за активен туризам се огромни.

Развојот на планината Плачковица од страната на Штип и Карбинци има голем потенцијал, бидејќи овој дел е лесно достапен, и изобилува со природни ресурси, културно наследство и автентични рурални средини. Историски туризам, со посета на локалитетот Баргала лоциран 15-тина километри од Штип, поната-

Планинарскиот дом Вртешка е еден од најубавите во регионот— нуди сместување во срцето на Плачковица со капацитет од 70 легла, пешачки трејлови, локална кујна. Друштвото на планинарски спортови  Лисец - Штип заедно со општина Карбинци направија мапирање на многу пешачки патеки, реконструкција на домот и изградба на асфалтен пат до домот, како и веш- тачка карпа за спортско качување на алпинисти погодна за домашни меѓунардони натпревари со високи стандарди. Направена е и првата ферата (начин на качување со сајли на природна карпа кој е светски тренд на полето на алпинизмот) на самиот врв Лисец. Проектот беше финансиран од Светска банка.





*Планинарски дом Вртешка*

1603 надморска височина и Црквиште 1.700 вмн каде постојат идеални услови за реализација на овој проект. Плачковица е планина со убав релјеф и природни услови кои потенцијално може да се искористат за развој на скијачки центар, особено во околината на Штип и Карбинци. Плачковица има повисоки и стрмни делови со солидна снежна покривка во зимските месеци, што е основа за скијачки терени. Локација е близу до градот Штип и Карбинци, Виница, Кочани, Радовиш Чешиново -Облешево.

Со планинарскиот дом Вртешка раководи Друштвото на планинарски спортови Лисец од Штип кој не е само спортско друштво - туку и чувар на природата и традицијата, со посветеност кон одржување и зачувување на природните убавини. ДПС Лисец е културен и спортски амбасадор на Македонија. Од пред две години на врвот Црквиште 1.700 н.м.в кој воедно е највисок врв на Плачковица од страната на Штип и Карбинци се направи и преубавата црква Свети Спиридон која е достапна за сите посетители и верници. Плачковица не ги крие само своите природни убавини, туку и траги од еден уникатен, речиси заборавен свет – светот на Јуруците. Некои ги нарекуваат последните номади во Македонија.

Во иднина треба да се работи на воспостувување на еко-паркови со видиковци, маси за пикник и инфо-табли. Изработка на веб-страна и мобилна апликација со патеки, сместувања и настани. Дигитална мапа со 3D приказ на Плачковица и туристичките атракции. Присуство на социјални мрежи со содржини: фотографии, видеа, искуства од посетители. И силна медиумска промоција.

***Плачковица и Јуруците нудат спој од природа и традиција кој го нема никаде на друго место. Можноста за лично запознавање со културата на Јуруците, обичаите, носиите и гостопримството е достапна овде во овие прекрасни плачковички села расфрлани на надморска височина од над 800 метри. За мене лично овие луѓе се вистинско богатство на Плачковица.***

Благодетот ќе го почуствуваат сите. Близината до Штип овозможува лесен пристап за локално население и посетители, што ќе го направи центарот атрактивен и достапен. Ски - центарот може да биде дополнителен стимул за развој на туристичката понуда во регионот — хотели, ресторани. Потребна е сериозна поддршка од локални и државни институции. Верувам дека ако постои политичка и финансиска поддршка, проектот може да добие значајна помош за инфраструктурни инвестиции. Инфраструктурно е потребно уредување на патишта, изградба на ски-лифтови, ски-писти, капацитети за сместување и слично. Комбинирање на ски туризам со рурален и авантуристички туризам (пешачење, планинарење, велосепидизам)...



*Низ кањонот Камник*

Иако зимите се со добар снег, климатските промени можат да влијаат на стабилноста на снежната покривка и барањето на алтернативни решенија како снежни топови е неопходно.Проектот треба да биде финансиски одржлив со јасен план, бидејќи изградбата и одржувањето на ски центар е скап и долг процес. Развој на зимски туризам во Источна Македонија поточно на регионите околу Штип, и Карбинци сеуште немаат развиена зимска туристичка понуда. Ски-цен-

Но,она што е главна суштина на овој текст е идејата за иградба на Ски - центар на Плачковица од страната на Штип поточно помеѓу врвовите Туртел







*Низ кањонот Камник*

тарот би донел нова димензија и би привлекол туристи во зима. Плачковица има реален природен потенцијал за развој на ски центар, особено на потегот од Вртешка кон врвовите Туртел и Црквиште.

Со добра стратегија, одржливо планирање и инвестиции,користење на ИПАРД и ЕУ-фондовите, може да се создаде економски исплатлив и еколошки прифатлив зимски центар, кој ќе ја позиционира планината како активна туристичка дестинација во текот



*Низ кањонот Камник*

***Планинарскиот дом Вртешка е еден од најубавите во регионот— нуди сместување во срцето на Плачковица со капацитет од 70 легла, пешачки трејлови, локална кујна. Друштвото на планираски спортови Лисец - Штип заедно со општина Карбинци направија мапирање на многу пешачки патеки, реконструкција на домот...***

на целата година. Ски-центар на Плачковица би донел нова енергија во источниот регион на Македонија, каде што туристичкиот развој е сè уште во зачеток. Со добра визија, одржлив пристап и соработка меѓу општините, државата и приватниот сектор, може да се изгради дестинација која ќе ја збогати понудата на македонскиот туризам. Стратешки инвестиции, одржлив развој и заедничка соработка, овој проект може да ја претвори планината во центар на зимски спортови, култура ,рурален, активен - туризам. Плачковица е вистинска ризница која уште чека да биде целосно разгледана и искусена. ,,Да скијаме на Истокот“, нека биде нов слоган и движечка мотивација еден ден и тоа да се случи.



*Водопад на Козјачка река*


ФЛИПНИ
И УЖИВАЈ
СТОБИ ФЛИПС
СО КИКИРИКИ
ОД РЕАЛНИ
40g


KitGomarketi
КУМАНОВО
ПРОБИШТИП
СКОПЈЕ
М. КАМЕНИЦА
ДЕЛЧЕВО
КОЧАНИ
ПЕХЧЕВО
ШТИП
ВЕЛЕС
БЕРОВО
РАДОВИШ
НЕГОТИНО
СТРУМИЦА
КАВАДАРЦИ
ГЕВГЕЛИЈА
КИТ-ГО Маркети
Вкусно
Baron
ТЕРА
Luxy
Donna

# Ако е кисело нека истече



**Колумна на**
**д-р Кирил Барбареев,**
**професор на Факултетот за образовни науки при УГД**

Вие мора да имате во ова време невреме, луѓе, да се пронајдат такви ентитети човечки кои ќе ја свртат за 180 степени патеката кон која сме тргнале. Знаете зошто? Оваа патека не е патека на создавање, ова е патека на имитација на животот. Животот се состои во оној миг кога нема да дозволиме да исчезне животот од реките, кога нема да дозволиме да исчезне мирисот од полското цвеќе и кога нема да дозволиме да исчезне милоста од луѓето“….

„Ние сме длабоко несреќни според Фром, затоа што во исто време ни е вклучен и разумот и инстинктот. И постојано сме во конфликтна состојба. Таа конфликтна состојба во овој миг плафонира во исклучивост. Исклучивоста се парите….



*Страшниот суд од Микеланџело*

Во што е проблемот денес?

„Денеска е проблемот што сите посакуваат сè, без да направат и најмал напор на патеката на добрината, на патеката на љубовта, на патеката на создавањето. Примерот на Микеланџело, кога го насликал таванот на  Систинската капела, „Страшниот суд“…… Во еден миг, работејќи две години, отишол во крчмата и нарачал вино. Домаќинот му дал од виното и Микеланџело рекол: „Домаќине, виното ти е кисело“. Домаќинот пробал, исплукал, истурил, отишол, го зел чеканот, го откачил чепот од бурето, и како течело виното од бурето, рекол: „Ако е кисело, нека истече!“ Во тој миг Микеланџело, отишол и на двегодишниот свој труд, незадоволен од направеното, го зел глетото, ги зел боите, и сè истурил и сè упропастил. А после една година, Божја промисла, ја направил вечноста на Систинската капела. Денес секој може да појде и да види што значи создавање. …..за жал, кај нас нема некој да го земи чеканот, да удри и да рече, „Ако е кисело, нека истече“.

За младата генерација и родителите.

„Младата генерација е дезориентирана, кај нејзе нема директни цели. Таму каде што не е дефинирана целта сите патишта се добри“…

Проблемот е длабоко несреќна генерација која не знае што сака. А, ние не знаеме како да излеземе од овој миг на вечноста. Тешкиот проблем е следниот: родителите се лакот, децата се стрелата. Првиот проблем на лакот е каде е насочен, кон кого? Кон кои цели? Што сака? Таму каде што не се дефинирани целите сите патишта се добри. И патот до пеколот е поплочен со најдобри намери.

Нашиот најтежок проблем во овој миг е што ние го држиме лакот а не ја пуштаме стрелата. Не ги пуштаме децата да зачекорат таму каде што ние нема да дојдеме. Тоа е иднината. Треба да ги пуштиме со правила на игра. Прво и основно: има и дење и ноќе да работиш, да создаваш, да учиш, немој ти да очекуваш дека на улица ќе го пресретнеш Господ и ќе преминеш цареви и кралеви, со вакви коли и со такви коли. Не постои на сметката на шејтанот, на ѓаволот, не платена сметка. Денеска или утре, таа мора да се плати. Секое дружење со него мора да биде наплатено“”..

***Проблемот е длабоко несреќна генерација која не знае што сака. А, ние не знаеме како да излеземе од овој миг на вечноста. Тешкиот проблем е следниот: родителите се лакот, децата се стрелата. Првиот проблем на лакот е каде е насочен, кон кого? Кон кои цели? Што сака? Таму каде што не се дефинирани целите сите патишта се добри. И патот до пеколот е поплочен со најдобри намери.***

**(Преземено и преработено интервју со Ристо Кавај од Македонското радио, емисија „Тука околу нас“, водител Наташа Адреевска).**



Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ, писател

# Талентирани или конформисти

Во едно дамнешно интервју Раде Шербеџија изјавува: „И покрај тоа што ја сакав Југославија и Тито не станав државен актер. Многу мои пријатели станаа миленици на власта. Уметникот мора да биде провокативен, да поставува прашања. " Изјавата во интервјуто ја поткрепува со ставот на великиот Крлежа. За Фриц уметникот треба да биде во некоја рака десидент, дури и дефетиста во однос на нацијата, државата и авторитетите.

⅄⅄⅄⅄

Судбина на уметникот е да биде своеглав, непоколеблив, храбар (Лермонтов, Лорка, Антон Попов, Вапцаров). Уметникот мора да верува во себе. Вербата му раѓа сила ( Достоевски пред водот за стрелање). Така силен и одважен може и смее да биде провокативен и да поставува прашања. Замислете колкава била силата на Чехов кога со кревко здравје тргнал со воз, како што самиот вели, во купе од втора класа, до Сахалин.

Греда на патот на уметникот може да му биде само талентот. Ако не е покажан со прст од Господа од уметноста нема ништо. Обдарениот или талентираниот го одликуваат слободната глава, широките потези и храброста. Со такви особености оправдано е да биде непослушник, односно, десидент, дури и дефетиста, што би рекол Крлежа, во однос на нацијата, државата и авторитетите.

⅄⅄⅄⅄

Уметникот со дарба, силниот уметник, не може да биде миленик на државата. Напротив, државниот апарат внимава на него, на неговите изразни средства, на неговите широки потези, на неговата храброст (Волтер, Љермонтов, Достоевски, Ромен Ролан, Пастернак, Јирген, Неруда, Борхес) и во одреди случаеви ќе реагира. Најчесто реакциите се застрашувачки во крајни случаеви погубни. Погубни колку за уметникот, толку и за државата.

⅄⅄⅄⅄

Има некои што можеш
Да ги видиш на прозорците
Да ги видиш на балконите на покривите
На портите, на вратите
Има некои кои можеш да ги видиш
Како се спуштаат
Некои пак како се качуваат
И сите тие се примерни луѓе
Со огромен потенцијал за самоуништување.

⅄⅄⅄⅄

Покрај талентираните обдарените од Бога, има и такви кои не се тоа. Не се обдарени, не ги бива, ама не се даваат. Со сите расположливи средства се трудат да го докажат спротивното, односно да докажат дека ја имаат силата на талентот. Во обидите да докажат стануваат конформисти, што значи стануваат лесно податливи луѓе на туѓите идеологији.

Мјау тие кон државата, мјау државата кон нив. Стануваат државни миленици како поети, писатели, режисери, актери,сликари, музичари. Мјау тие кон државата, државата мавни им национално пензиче и наредба да биде штама.

И сакаш така најадените Гаргантуи и Пантагруели да мислат на гладните, на жедните деца, на геноцидот што се врши врз одредени народи. Сакаш таквите полномешести државни миленичиња да застанат наспроти некои државни одлуки, каква што е неизгласувањето на резулуцијата со која се бара Израел да овозможи влез на храна и медицински средства за цивилите во Газа.

П.С. Пред десетина години бев сведок на мелодија во која се опеваше ликот и делото на тогашниот висок државен функционер. Еден стих од рефренот гласи вака: „Мајка го роди народ да води!„ Татко да беше жив ќе речеше: „Барем да го изводеше"



# Има ли иднина гимназиското образование?

**Пишува:**
**Роберт Аџипетров**

Историски гледано, гимназиското образование важеше за најпримамлив избор за продолжување на образованието, а запишувањето во гимназија само по себе беше достигнување за учениците и родителите. Кој е статусот на гимназиите денес, посебно доколку во предвид се земе фактот дека во изминатата деценија, бројот на средношколци во Македонија се намалил за околу 20 %, што значи над 17 000 ученици помалку од 2014-та до 2024-та година.

Во Штип гимназијата „Славчо Стојменски“, која е една од најпознатите гимназии во државата, ги живее можеби и најтешките години од нејзиното формирање. Впрочем и оваа година и покрај надчовечките напори на менаџментот, продолжува трендот да гимназијалец е секој петти средношколец, а гимназијата има само околу 100 ученика. Имајќи во предвид дека ова е истата гимназија која пред само една деценија беше прв избор на учениците, со кадар кој несомнено е висококвалитетен, воопшто не е јасно како ова училиште има проблем да привлече нови ученици.

За да навлеземе во суштината на проблемот, потребно е да се погледнат трендовите во поглед на запишани ученици како во основно така и во средно образование. Во Штип има пет основни училишта кои претходните години имаат константен број на ученици кои се запишуваат во прво одделение\завршуваат девето одделение и тој број се движи од 400 до 420 ученика. Учениците кои завршуваат девето одделение се истите кои се запишуваат во средно, што значи дека средните училишта во Штип (четири општински: гимназијата, средното текстилно, средното медицинско и средното електро; и едно државно: музичкото) имаат на располагање нешто над 400 ученици. Станува збор за нереално мал број на ученици, а ова е посебно болно доколку во предвид се земе фактот дека според објавените конкурси во средните училишта има нешто над 800 слободни места за упис во прва година. Во анализата е потребно да се додаде и фактот дека Штип е образовен центар на истокот и училиштата со својот квалитет се способни да привлечат ученици и од околните градови. Бројката на ученици кои ги избираат нашите училишта, а не се од Штип традицонално изнесува околу 100 ученика, со што доаѓаме и до бројот на средношколци кои се запишуваат во училиштата во Штип, број кој се движи од 500 до 520 ученици.

Врз база на приложената статистика, првичната анализа покажува дека дека секоја година имаме околу 20% запишани гимназијалци од вкупниот број или 100 ученика. Впрочем доколку се направи чист просек, гимназијата го има постигнато просечниот број на очекувани ученици и во ситуација на постојан пад на бројот на ученици,може да се каже дека има стабилна бројка. Со други зборови, не е можно да се измислат нови ученици во средно образование. Во насока на анализа на гиманзиското образование треба да се земе и фактот дека ова се ученици кои речиси во потполност се од Штип, односно гимназијата како училиште не е способно да привлече ученици надвор од нашиот град. На ова влијаат повеќе фактори, а како најбитен е присутноста на гимназиите и во останатите општини. Со ова им е овозможено на учениците да имаат гимназиско образование и во своите домови, а согласно закон истите и не ги следува бесплатен превоз доколку се одлучат за гимназиско образование во друга општина. На ова влијае и дуалното образование и платената пракса која ја нудат средните стручни училишта што буквално го „убива“ гимназиското образование.

Кое би било решението на овој проблем? Во услови на ограничен број на ученици, решението на равенката за поглем број на запишани гимназијалци лежи во создавање на услови кои би привлекле ученици од останатите општини. Во оваа насока, гимназијата во Штип е потребно активно да учи од гимназиите во главниот град и да воведе насоки кои ќе ја диференцираат од останатите гимназиите во општините во непосредна близина на Штип. Ова значи дека воведување на насоки како на пример информатика, архитектура или слични профили кои се исклучително популарни во реалниот сектор, ќе и даде на гимназијата примеса на стручно образование со што со сигурност ќе стекне можност за привлекување на ученици од околните градови. На овој начин ќе се влијае на создавање на нов пул на потенцијални ученици за училиштата во Штип со што би се зголемил и бројот на новозапишани гимназијалци.

Од аспект на ресурси, гимназијата ги има потребните просторни услови, а и несомнено располага со висококвалитетен кадар кој ќе може да одговори на овој предизвик, а со тоа и ќе се врати сјајот на бисерот на средното образование во Штип.

**(Авторот е директор на Педагошката служба при Министерството за образование)**

# ПАНАЈОТОВ: Поезијата е посебна душевна состојба

**➢ *Во рамките на Штипско културно лето промовирана е книгата поезија „Беспаќе“ на Кирил Панајотов, настан кој беше повод за наш разговор со пое-тот***



*Панајотов на промоцијата*

Оставаме зад себе уште едно богато со настани Штипско културно лето. На програмата се најде и промоцијата на најновото поетско дело на авторот Кирил Панајотов – „Беспаќе“. Со авторот разговараме за неговото творештво, за значењето на поезијата и за други актуелни нешта...**Но, за почеток бараме од авторот да ни каже нешто за себе.**

-По образование сум професор по книжевност и моја најголема љубов секогаш беше книжевноста, творењето и професорската работа - едуцирање на млади. Таа професија е една од поблагородните и моето его постојано се храни кога ќе сретнам мои успешни ученици кои сега се доктори, инжењери, архитекти, инспектори, а знаат да речат: професоре Вие ни всадивте љубов кон читањето која не нѐ напушта! Во даден момент од кариерата се создаде можност да дадам придонес во таа област, само сега од една поинаква позиција. А тоа го овозможуваа новите надлежности на Локалната самоуправа. Така станав советник за култура во Општината и фала му на Бога благодарение на тоа го продолживме континуитетот на двете најстари и мошне значајни културни манифестации по кои Штип е препознатлив: Штипско Културно Лето и Макфест.

**Во рамките на ШКЛ беше промовирана Вашата најнова книга поезија. Зошто поезија?**

-Преку поезијата најпрво и многу рано ја препознав својата страст за пишување. Всушност, таа ми даде полетност и храброст да се соочам со јавноста - со читателите. После многу поетски фестивали и објави посебен момент беше кога во 1986 тогашната книжевна критика мене и мојата поезија нѐ сврстија во Антологијата на најмладата македонска поезија, иако сѐ уште немав објавено самостојна книга. Потоа дојде „Сеедно овде“ (1988), па „ Alter ego“ (1997) и сега „Беспаќе“. Во меѓувреме објавив и други книги кои ја задоволија мојата страст за книжевно-истражувачка работа. Посебно сум горд на „Сведоштва“ (2008) книга која на еден специфичен начин го истражи XIX век и влијанието на книгата кај нас. Меѓу другите мои објавени книги би ја потенцирал и „Житие за Полизена“ (2005/2007/2013) која доживеа четири реизданија со вкупен тираж од 3000 примероци. Ќе го спомнам редактирањето на книгите на Петар Завоев и истражувањето за него во чии рамки објавив една книга раскази „Моите стари соседи“(2004) и епистоларниот роман „Писма од Македонија“ (2012).

**Како се вљубивте во поезијата, каква поезија пишувате, кое време од денот ти е најдобро за пишување, каде и во што ја наоѓаш инспирацијата...**

-Поезијата е посебна душевна состојба. Најчесто таа раководи со мене. Се случувало некој стих да се роди и да ме разбуди од сон, некоја мисла со која го започнувам денот. Секако тоа е резултат од веќе преживени настани, состојби кои самите се преточуваат и едноставно знам дека треба да го забележам тоа. Тоа е рефлексивна поезија. Потоа секако се работи на песната повеќекратно. Песните зреат, легнуваат, за да дојде моментот кога веќе не ја препознавате за своја. Се прашувате: дали ова јас го напишав? Е тогаш песната (стихозбирката) е подготвена да стане „сечија“ да ја запознае јавноста.

**Кое е Вашето општо мислење за поезијата. Има поети кои тврдат дека поезијата ќе го промени светот на подобро, одтука која е смислата на поетиката во нашите животи?**

Историјата го потврдила тоа дека уметноста, а во тие рамки и поезијата, била двигател на промените во општеството. Тоа нема да се промени. Моето творечко и животно искуство знае за подеми и падови на поезијата и нејзината популарност. Нема споредба за тоа како се доживуваше поезијата во осумдесетите години на минатиот век и денес.

**Имавте убава промоција во Општинскиот мултикултурен центар „Киро Глигоров“ па како помина сето тоа?**

-Лично сум презадоволен од чинот на промовирањето. Пред сѐ, создадовме идеални услови за реализација На мое задоволство тимот што ја „истурка“ промоцијата беше брилијантен, тргнувајќи од г-ѓа Весна Малинова како рецензент и промотор, двајцата презентери проф. Тања Кокотова и Влатко Миленкоски и секако виртуозот на гитара Ивица Јорданов кој сето тоа го зачини со музички илустрации. Промоцијата од име на организаторот и покровител ШКЛ – Општина Штип, ја поздрави г-ѓа Снежана Санева.

**Како поранешен професор прашањето ми е дека добро си запознат со тоа дали младите-средношколците читаат книги, поезија пред се, и ако тоа не е така што треба да направат професорите нивни за да им ја всадат љубовта кон литературата...**

-ИТ направите и интернет технологијата се нешто без кое во сегашни услови не се може. Тоа е практична алатка, но за човечката душа и природа е потребно нешто од внатре. Книгата-печатената е она која ја храни душата. Мора да се работи со децата, но најпрво моите помлади колеги мора да научат тие да сакаат да читаат, а потоа ќе најдат начин тоа да им го пренесат на помладите.

**За крај од овој наш разговор и прашањето за тоа што Ви е во планот на полето на литературата.**

-Секако дека последната објава силно ме мотивира бргу да изреагирам. Реков стојат ракописи кои ги кочев, а се вистинско откритие. Приоритет би ми бил Завоев, затоа што, тоа му го должиме и нему, но и на книжевната историја.

# Тврдината Исар како Самоиловата во Охрид

По изгласување на буџетот за финансирање на неколку проекти меѓу кој и проектот за средновековната тврдина Исар-Штип, од страна на Советот на Општина Штип, идејата за конзервација и реставрација на Акрополот на тврдината станува реалност. Проектот вреден еден и пол милион евра финансиран од Унгарскиот кредит ќе биде реализиран во соработка со Општина Штип и НУ Завод и Музеј Штип како носител на Конзерваторското одобрение и под надзор на овластени конзерватори назначени од НУ Завод и Музеј Штип.

Со проектот ке биде конзервиран и реставриран Акрополот од тврдината, односно највисоките делови од средновековната тврдина на Исарот, главната кула Дон Жон, односно влезот во тврдината од источната страна и двете кули во внатрешноста каде и се наоѓа влезот помеѓу северната и јужната половина од Акрополот.



*Проектот е вреден 1,5 милиони евра, тој е финансиран од Унгарскиот кредит, а ќе биде реализиран во соработка со Општина Штип и НУ Завод и Музеј Штип како носител на Конзерваторското одобрение, а под надзор на овластени конзерватори назначени од НУ Завод и Музеј Штип.*

Тврдината Исар, средновековната населба и утврдениот средновековен град, се наоѓа во западниот дел на денешен Штип, на доминантно возвишение помеѓу реките Брегалница и Отиња. Тврдината е со правец на простирање север–југ и со должина од околу 350 метри, а од коритото на реката Брегалница се издига на околу 100-150 метри. Ерозивните сили го одделиле возвишението со длабоки клисури, од север и од запад реката Брегалница, а од југ суводолицата на реката Отиња. Во времето на феудализмот, кога потребата од сигурна заштита и одбрана била неопходна, таквата природна положба е искористена и на највисоките делови од возвишението е изграден средновековен град од типот на Маркови кули (Прилеп), Самоилова трвдина (Охрид), Кале (Скопје), Царвени кули (Струмица ) и др.

Археолошките истражувања на просторот од средновековната тврдина на Исарот до 2008 година се скромни. Во 1979 година се изведени сондажни истражувања на акрополниот дел од тврдината до западниот одбранбен бедем. При истражувањето, под темелите, констатирани се остатоци од постар зид. Во 1998/99 година извршени се конзерваторски интервенции и заштитни археолошки истражувања на дел од главната кула. Со истражувањата, откриен е влезот во северната половина од акрополот и дел од кулата од северната половина од источниот бедем. Со систематските археолошки истражувања кои се одвиваа повремено, од 2008 до 2011 година, речиси, во целост е откриена и документирана целокупната сочувана архитектура. На северозападната страна на тврдината, на локацијата Стара Кланица, откриена е средновековна црква Св. Власие и некропола, со оградни бедемски зидови, и на западната страна на локацијата Чекичан Скала откриен е легендарниот тунел под Исарот, на нивото на речното корито.

Средновековниот град Штип, како и другите градови тврдини, се состоел од утврден дел - внатрешен град (фрурион) и надворешен (амборија). Највисоките делови од возвишението на Исарот се опколени со зидни платна, кои, всушност, ја следат конфигурацијата на теренот, простирајки се скоро по една иста изохипса, со височинска разлика помеѓу западната и источната страна од околу 15 м. Јужната и северната половина на тврдината се разликуват по концепцијата на утврденост. Јужниот дел е изграден од широки и цврсти зидови кои на југозападниот дел се вовлекуват еден во друг, слевајќи се во една целина. Средишниот дел е најдобро сочуван. Истурениот северен дел, во вид на клин, имал континуален ѕид, сочуван на неколку пункта. На неговиот најистурен дел кон север, каде што пристапот е најлесен, е лоциран споредниот влез. Главниот влез се ноѓа на источната страна, каде се наоѓа масивна кула, делумно сочувана Целокупната површина во рамките на градските ѕидини изнесува 16.600 метри квадратни.

Највисоките делови од Исарот се опколени со ѕидни платна, формирајќи средновековна тврдина со главен влез од источната страна и споредни влез од северната страна. **Најутврдениот и најбезбедениот дел од тврдината се наоѓа на акрополниот дел од возвишението со површина од 1.705 метри квадратни.** Овде е поставена и главната кула Дон Жон, најдобро сочуваниот објект од целокупната архитектура на тврдината, со димензии од 10 x 8 м и висина на источниот ѕид над 12 метри.

# Атлетскиот клуб „Брегалница" си ги бара просториите на стадионот и инсиситира на изградба на атлетска патека

Кон крајот на месец јули во Волос, Грција се одржа Балканскиот шампионат за сениори и сениорки во атлетика. На настанот, како член на Извршниот одбор на Атлетската федерација на Македонија и претседател на АК „Брегалница" присуствуваше и нашиот сограѓанин, поранешниот атлетичар Тони Лазаров. Како прв човек на Атлетсскиот клуб тој подолго време прави напори за заживување на кралицата на спортовите во нашиот град во кој атлетиката некогаш беше мошне развиена и популарна меѓу младите штипјани.

-Во Волос, на Балканскиот шампионат на кој учествуваа 19 држави, се виде популарноста на атлетиката во балканските држави. Десеттина илјади следачи на секој од натпреварите во различни атлетски дисциплини само покажаа дека атлетиката како спорт, ако организационо се постави на здрави основи, може да „зарази" голем број млади да се пробат во неа. Ние и како Македонија, а посебно како Штип кој има(л) традиција во овој спорт, треба да ги следиме искуствата од другите држави и да направиме се кралицата на спортовите да стане наше секојдневие, вели Лазаров за Штипски Глас.



*Тони Лазаров на Балканскиот атлетски шампионат во Грција*



*Градскиот стадион*

Како прв човек на атлетиката во Штип Лазаров признава дека овој спорт во градот не е на потребното ниво.

-Се што имаме денес од овој спорт во Штип е еден вид импровизација. А можеме и повеќе и подобро и пак да ја вратиме атлетиката на некогашните развиени патеки. Потребно е само да имаме коректни услови за работа и да имаме тренери кои ќе работат со младите. Тренери можат да бидат сите професори по физичко кои завршиле студии на ДИФ. А такви во градот имаме поголем број при што добар дел од нив се подготвени да се посветат на овој спорт, појаснува Тони Лазаров.

Нашиот соговорник вели дека Штип има поголем број основни и средни училишта и дека идните атлетичари клубот ќе ги црпи од тие средини кои треба да бидат негова база.

-Штип е високо развиен образовен центар, спортот е обележје на младите, ако од почетокот им понудиме макар и само основни услови за тренинг, тогаш сум сигурен дека за атлетиката во градот доаѓаат убави денови, појаснува Лазаров које поранешен репрезентативец на Македонија на патеки од 1.500 па до 10.000 метри. а во има трчано и маратон.

***Потребни се само основни услови за атлетиката да се врати во спортското семејство на градот. А тие услови се да ни се вратат двете простории на стадионот и да се обезбеди атлетска патека на истиот. Деца и младинци како потенцијал имаме со оглед на развиеноста на Штип како образовен центар, вели Тони Лазаров.***

Нашиот соговорник вели дека добил ветување од надлежните дека со реконструкцијата на Градскиот стадион ќе се вратела и атлетската патека на него, па со двете простории на стадионот кои на клубот му припаѓаат, ќе се создаде основниот услов за заживување на атлетиката во градот.

Инаку, на Балканијадата во Волос од Македонија Андреас Трајковски освоил бронзен медал во скок во далечина, а учесник бил и Брајан Авиа. Трајковски со семејството живее и тренира во Данска, а неговиот успех е само доказ повеќе дека тие се резултат на условите кои ги има во оваа држава, за разлика од кај нас во Македонија. Инаку, атлетиката кај нас е присутна во Скопје, Куманово,Тетово и во Охрди каде постојат и работат атлетски клубови.

# ФК „Брегалница“ има нов сопственик, дали доаѓа поубаво време за фудбалот во Штип?

Мурат Шамил Шен, човек кој е дел од спортското семејство на спортската институција Фенербахче од Истанбул, Република Турција, играјќи во истоимениот кошаркарски клуб, а бил и член на кошаркарската репрезентација на Турција, е новиот мнозински сопственик на ФК „Брегалница“. По децении раководење со клубот од него си оди стопанственикот Кирил Гогов, а во Штип се зголеми надежта дека за фудбалот во градот доаѓаат мнгу подобри времиња.

-Неколку години барав спортски клубови во Македонија, фудбалски и кошаркарски, во кои би инвестирал бидејќи во оваа убава земја полни три години имам инвестиции во други области. После толку барања и средби со неколку клубови одлучив да инвестирам во ФК Брегалница“, рече Мурат Шамил Шен на прес конференцијата одржана на Градскиот стадион во просториите на клубот.




*Мурат Шамил Шен, Јорданов, Кацаров (од лево на десно)*




Новиот сопственик беше претставен од градоначалникот на Штип Иван Јорданов кој, покрај претставувањето на г-дин Мурат, ги презентира и амбициите на ФК „Брегалница“ пред почетокот на новата фудбалска сезона.

-ФК „Брегалница“ започнува нова ера – турскиот инвеститор го превзема клубот, со нова управа и нов стручен штаб, „сините“ ќе работат постепено на градење на силен и конкурентен тим подготвен да излезе и да се натпреварува и во Европа, посочи Јорданов пред новинарите.

Но, што е тоа што се менува во сопственичката структура на фудбалскиот миленик на штипјани?

-Согласно донесената одлука на Советот на Општина Штип, Општината првин ги певзеде акциите кои ги поседуваше стопанственикот Кирил Гогов и тие сега се во стопроцентна сопственост на Општината. Но, со постапката за продажба на 85% од акциите на новиот сопственик, познатиот спортски работник од Република Турција г-дин Мурат, тој станува доминантен сопственик“, рече Јорданов.

Планот на клубот со новиот сопственик е ФК Брегалница да стане стабилен прволигаш и да се обиде да се пласира во некоја од европските лиги за и штипјани, на свој терен, на стадионот кој комплетно ќе се обновува, да гледаат квалитетен европски фудбал во кој ќе учествува штипскиот клуб кој има стогодишно реноме и традиција. Дел од планот е во клубот да

**_ФК „Брегалница“ започнува нова ера – турскиот инвеститор, бизнисменот Мурат Шамил Шен го превзема клубот, со нова управа и нов стручен штаб „сините“ ќе работат на градење на силен и конкурентен прволигашки тим подготвен да излезе и да се натпреварува и во Европа._**

играат што поголем број талентирани штипски фудбалери за која намена во ФК Брегалница за шеф на стручниот штаб е донесен Влатко Костов. И самиот инвеститор, на прес конференцијата рече дека фокусот ќе биде ставен и на младинските категории кои ги има клубот.

ФК Брегалница веќе води преговори за нови засилувања, кои ќе треба да се промовираат во следните денови, а исто така се договорени пријателски натпревари и е утврден планот за подготовки за новата сезона во Втората лига која започнува на 23 август.

# ТР-МР




**Размислува: Iv. BOJ**

**Вложувај во луѓето.
Тоа ти е најсигурната и најбезбедна
банка на светот.
Луѓето во кои вложуваш
ќе ти вратат со камата која ја нема на
ниту едно друго место во светот.**

**Постои вистина која ти ја сервира
власта која си ја избрал
и вистинска вистина која што ја живееш
секој ден. Во што ќе веруваш ти?
Во тоа што го слушаш
или во тоа што го гледаш?
Од твојот избор зависи твојата иднина.**

**Ако ме измамиш еднаш
срам та ти е.
Ако ме измамиш три пати
срам да ми е.**

**Некои луѓе треба
да изчезнат од политиката
ако сакаме младите
да останат во татковината.**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | 6 | 1 | 3 | 2 | | 8 | | |
| | 7 | 2 | 1 | 8 | | | 3 | |
| 9 | | | | | | 1 | 2 | |
| | | 8 | | | 1 | 9 | | |
| 1 | 3 | | | 5 | | 4 | 8 | |
| | | | | 3 | 8 | | | |
| 3 | 2 | 6 | 8 | | | 7 | 4 | |
| 8 | | 4 | | | 2 | | 6 | |
| | | | 4 | | 3 | 2 | 1 | |




## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април,
2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 31.07.2025 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .

| Ш.Г. | Госпоѓа (тур.) | Индиго билка | Загари | Болно прецену-вање на самиот себе | Вид краток мач | Композ. за девет гласа | Спев | Пејачката Бренин-генерал | Филм со Мадона | Кошарк. сојуз на Македон. (скр.) | Збир на анатомски елементи | Кивавица (мед.) | Ампер |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Артистка на фотосот*** | | | | | | | | | | | | | |
| Наш поет | | | | | | | | | | | | | Почнување нешто потик-нување |
| Старо грчки филозоф | | | | | | | Град во Италија / Тантал | | | | | | |
| Ориен-тална слатка | | | | | Држава (фр.) / Ангстрем | | | | | Герм. физичар Макс / Наш пејач | | | |
| Азот | | Мираз при-ќе (лат) / Дел од трамвај | | | | | | Итал. градител на виолин. Николо | | | | | |
| Коњ | | | Кислород / Египет. фараон | |  | | | | Прва буква | | Иван Цанкар / Хирурш. интервенц. | | |
| Ш.Г. | Стар град на Дунав / Португ. фуд.клуб | | | | | | | | Екс Итал. фудбалер Паоло | | | | |
| Девојка | | | | | | | | | Иво Патиера | | | Јод / Муслим. женско име | |
| Пејачот Славица | | | | | | | | | Езеро во Шпанија | | | | |
| Повреди | | | | | | | | | Старо-грчки диктатич. поет | | | | |
| Италија | | Елизабета Јосифовска / Автомоб. Фитипалди | | | | | | | Град во Кенија | | | | |
| Предмет на расправа | | | | | Малајски отров за стрели | Домашно говедо | Ш.Г. | Екс Амер. гангстер Ал | Наш рево. Мирче / Вид екс-плозив | | | | |
| Назив | | | | Креатор Сен Лоран / Спротив-ставување | | | Пустинско животно / Сател. на Јупитер | | | | | | |
| Античка област во Азија | | | | | | | | | | | | | Падеж во Угро-фи-нските јазици |
| Стара франц. пара | | | Роман од С. Попов / Турски големец | | | | | | | | | Шпанија / Зимски спорт | |
| Ш.Г. | Рачка на нож или сабја / Галиум | | | | Унгар. политичар Милтон / Иван Точко | | | | | | Исти букви / Сплит | | |
| Наш писател | | | | | | | | | | | | | |
| Жител на Потисје | | | | | | | Апсолутен супер-латив | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ

*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22

www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA